**Известување за концентрација со која Алта Платформ Холдингс Лимитед, Малта ќе стекне контрола над Рајно Сервисес Лимитед ДООЕЛ Битола, Република Северна Македонија**
**(предмет бр. 08-83/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 13.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Алта Платформ Холдингс Лимитед (Alta Platform Holdings Limited)** со регистрирано седиште на Ниво 1, Феникс Бизнис Центар, Трик Ил – Феровија (Стара железничка), Санта Венера, СВР 9022, Малта ќе стекне самостојна контрола над друштвото **Рајно Сервисес Лимитед ДООЕЛ Битола**, со регистрирано седиште на ул. Митрополитска бр. 13б, Битола, Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Алта Платформ Холдингс Лимитед** е друштво основано во Малта чии главни деловни активности вклучуваат поседување, стекнување, управување и располагање со акции, инвестиции и/или хартии од вредност. Врз основа на ова, Алта ја поседува целокупната издадена основна главнина во Алта Платформ Гејминг Лимитед (Alta Platform Gaming Limited), со регистрирано седиште на Ниво 1, Феникс Бизнис Центар, Трик Ил – Феровија (Стара железничка), Санта Венера, СВР 9022, Малта чија основна дејност е нудењето на казино игри, спортско обложување (вклучувајќи обложување во живо) и услуги за peer-to-peer покер за крајни потрошувачи преку повеќе брендирани онлајн платформи. Алта Платформ Гејминг Лимитед е лиценциран оператор за онлајн коцкање регулиран од страна на Органот за игри на среќа на Малта.

Алта Платформ Холдингс Лимитед и Алта Платформ Гејминг Лимитед се дел од Алта Групата, која е во целосна сопственост на г. Лоранг Волмар Андерс Андреассен, кој поседува 100% од АПХЛ Лимитед (APHL Limited), друштво со ограничена одговорност од Малта, кое пак поседува 100% од уделите во Алта Платформ Холдингс Лимитед. Алта Платформ Холдингс Лимитед поседува 100% од две дополнителни зависни друштва (покрај Алта Платформ Гејминг Лимитед): Алта Платформ Сервисес Лимитед (Alta Platform Services Limited) и 3П Соулшнс Лтд (3P Solutions Ltd), што значи дека г. Андреассен има самостојна и крајна контрола врз целата групација.

**Алта Платформ Холдингс Лимитед** нема регистрирано зависни друштва во Северна Македонија и не врши било какви деловни активности на македонскиот пазар.

**Рајно Сервисес Лимитед ДООЕЛ** е македонско друштво кое служи како центар за технологија, развој на производи, поддршка на клиенти и човечки ресурси за Рајно Ентертејнмент групацијата на друштва („Рајно Ентертејнмент Груп"), од која е дел.

Рајно Ентертејнмент Групата врши деловни активности за онлајн игри, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на деловни активности за игри на среќа во Финска и Куракао, кои се спроведуваат согласно соодветните лиценци за приредување игри на среќа.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантниот пазар на производи да се дефинира како ***пазар за игри на среќа и обложување,*** а географскиот пазар да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.05.2026 година
Скопје